## Совет за човекови права

Советот за човекови права е меѓувладино тело во системот на ОН, составено од 47 држави  кои се одговорни за унапредување и заштита на човековите права ширум светот. Советот беше основан од страна на генералното собрание на ОН на 15 март 2006 со главна цел да се адресираат ситуации на повреда на човековите права и да се дадат препораки за истите.

Една година по одржувањето на првата средба, на 18 јуни 2007, Советот усвои  “пакет за градење на институциите” кој содржи елементи кои ќе го предводат советот во неговата работа во иднина. Помеѓу тие елементи е и новиот механизам за универзален периодичен преглед со кој ќе се оценува состојбата со човекови права во сите 192 држави членки на ОН.  Другите карактеристики вклучуваат нов Советодавен комитет кој има улога на “think tank” на Советот и обезбедува совети и експертиза за тематски прашања поврзани со човековите права и ревидираниот механизам за Процедурата за приговори со кој на поединци и на организации им се овозможува да поднесуваат приговори за повреда на човековите права до Советот. Покрај тоа, Советот за човекови права продолжува да работи со Специјалните процедури кои се воспоставени од поранешната Комисија за човекови права и кои се прифатени од страна на Советот.